**Јавно претпријатие за комунална дејност "ДЕБРЦА"**
**Општина Дебарца**
**тел/факс: 046- 286-887**
**e - mail: komunalecdebrca@hotmail.com**

Предлага :

Директор на ЈПКД Дебрца с. Белчишта

Усвојува:

Управен одбор на ЈПКД Дебрца

Дава согласност :

Совет на Општина Дебарца

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА
## за работа и развој на Јавното претпријатие за комунална дејност Дебарца за 2013 година

**Белчишта - декември 2012 година**

## А. ВОВЕД

ЈПКД Дебрца е Јавно комунално претпријатие основано од Советот на Општина Дебрца и единствен вршител на комуналните услуги собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и одведување на фекални води; собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на територијата на Општина Дебрца; одржување на јавна хигиена и јавно зеленило . Квалитетот и навременоста во извршувањето на широкиот спектар на дејности се реализира со добра организација, со максимално ангажирање и залагање на органите во јавното претпријатие, менаџерскиот тим и на сите вработени, со постојани инвестициони вложувања во средствата за работа, предметите за работа и работната сила, рационално искористување на работната сила, транспарентност и соработка со правните и физички лица корисници на нашите услугите.

Планот за работа за 2013 година поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на претпријатието за постигнување на подобри резултатати во работењето засновани на расположивите средства за работа и достигнатиот степен на развој.

Основни појдовни елементи врз кои се заснива изготвувањето на Планот се :

- дефинирање на планираниот физички обем на услугите ;
- дефинирање на приходите од работењето;
- дефинирање на трошоците кои ќе се направат при работењето ;
- целосно искористување на постојните капацитети ;
- подобрување на наплатата со целосна примена на акциониот план за наплата за 2013 год.
- остварување на предвидените работи за 2013 год вклучени во Инвестиционата програма на ЈПКД Дебрца.
- дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите.

Програмата за работа за 2013 год. на *ЈПКД Дебрца* е усогласена согласно законските и подзаконските акти и тоа:

Закон за управување со отпад, Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и други законски прописи кои ја регулираат дејноста која ја врши јавното претпријатие. Со Програмата се определува и планира начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на снабдувањето со вода за пиење и одведување на отпадни води , начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Дебрца, одржувањето на јавното зеленило, дополнителни дејности на јавното

претпријатие, организационо-техничката опременост и финансиски показатели.

Согласно важечката систематизација ЈПКД Дебрца е организирано во сектори :

1. Сектор за Водоснабдување и одведување на отпадни води
2. Сектор за Собирање на комунален отпад
3. Административно Правен сектор
4. Финансиско Сметководствен сектор
5. Сектор за Јавни Набавки
6. Сектор за Информатичка подршка

## 1.Сектор за Водоснабдување и одведување на отпадни води

Основната дејност на секторот Водовод е снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот, систематски преглед на мрежата и нејзино редовно и тековно одржување.

Водата се обезбедува од:

- Регионален водоснабдителен систем св.Еразмо со просечна издашност од 18 л/сек ги снабдува населените места: Подмоље, Оровник, Горенци, Требеништа, Населба Таци, Аеродром св Апостол Павле и ПСУ Јахја Кемал.
- Регионален водоснабдителен систем Караорман со просечна издашност од 7 л/сек ги снабдува населените места: Белчишта, Лешани, Ново Село, Долно Средорече, Горно Средорече, Грко Поле и Ботун.
- Водоводен систем во Арбиново со просечна издашност од 3 л/сек
- Водоводен систем во Издеглавје со просечна издашност од 3 л/сек

За израмнување на часовата нерамномерност во системот за водоснабдување на Општина Дебарца изградени се резервоари со вкупна запремнина од 1070 м3 на следните локации:

- Резервоар во Оровник од 100 м3
- Резервоари во Горенци од 250м3 и 80м3
- Резервоар во Требеништа од 100м3 и 80м3

- Резервоар во Белчишта од 120м3
- Резервоар во Ботун од 80м3
- Резервоар во Ново Село од 80м3
- Резервоар во Лешани од 100 м3
- Резервоар во Средорече од 80м3.

## Планирани активности за 2013 година

Во овај сектор планираните активности кои целосно ке бидат координирани со Општина Дебарца се поделени во три полиња:

**А**. Тековно одржување на мрежата.

**Б.** Реконструкција и санација на дел од постоечката водоводна мрежа во општина Дебарца.

**В**. Изградба на нови водоводни и канализациони линии.

## А. Тековно одржување на водоводната и канализационата мрежа во општина Дебарца

- Системски преглед на мрежата

| Ред.бр | Вид на активност | План за 2013 |
|---|---|---|
| 1 | Периодична контрола на мрежата | 80 000 м |
| 2 | Контрола на затворачи | 98 |
| 3 | Контрола на пожарни хидранти (П.Х) | 39 |
| 4 | Контрола на воздушни вентили (В.В) | 12 |
| 5 | Контрола на шиберни шахти | 165 |

- Редовно одржување на водоводната и канализационата мрежа.

| Ред.бр | Вид на активност | План за 2013 |
|---|---|---|
| 1 | Санирање на улични дефекти | 52 |
| 2 | Санирање на дефекти на приклучоци | 47 |
| 3 | Санирање на дефекти на водомерни и канализациони шахти | 37 |
| 4 | Поправка на воздушни вентили | 5 |
| 5 | Промивање на водоводната мрежа | 2 годишно |
| 6 | Чистење и хиперхлорирање на резервоарите | 2 годишно |

| | | |
|---|---|---|
| | за вода | |
| 7 | Перење на канализација со вода од шахти | 30 |
| 8 | Отпушување со сајла | 10 |
| 9 | Чистење на пумпна станица за фекални води | 1 |
| 10 | Изведување на приклучоци | 25 |
| 11 | Чистење на сифони | 100 |

•

**Б. Реконструкција и санација на дел од постоечката водоводна мрежа во општина Дебарца.**

- Изготвување проекти за реконструкција на канализациони и водоводни линии и нивна реализација во соработка со општина Дебарца. Со проектите за реконструкција опфатени се првенствено водоводни линии изградени од поодминат временски период, на кои се јавуваат чести дефекти, кои делуваат на квалитетот на водата и се со намалена пропусност.
- Реконструкција на постоечко црево Ф 50 во должина од 150 метри во населено место Ботун со цел подобрување на водоснабдувањето во тој дел од Ботун.
- Санација на резервоари во Оровник и Ботун.
- Определување на зони(населени места) на водоснабдителните системи со комплетна изработка на воден биланс по зона(населено место) . За остварување на оваа активност потребна е набавка и монтажа на мерачи на проток.

**В. Изградба на нови водоводни и канализациони линии.**

- Планирана е изградба на водоводен крак Ф 90 во должина од 150 метри во Оровник во место викано Горна Маала со цел решавање на проблемот со намалениот притисок во летниот период со кој се соочуваат домаќинствата во овај дел.
- Изградба на водоводен крак Ф 40 во должина од 600 метри во населба Таци.
- Изведба на крак за канализација во Белчишта Ф 200 во должина од 150 метри.
- Изведба на крак за канализација во Оровник Ф 125 во должина од 150 метри.

Од Заводот за Здравствена заштита - Охрид согласно Правилникот за Безбедност на водата за пиење во 2013 година ќе се извршат анализи на12 мостри од сите водоснабдителни системи и тоа по една мостра во текот на

месецот. Од земените мостри во ЗЗЗ - Охрид се испитуваат следните параметри:

- Анализа на присуството на резидуален хлор во водата за пиење
- Основни бактеролошко-хемиски анализи

Покрај горе споменатата контрола од јавна установа на РМ во 2013 година ќе се врши и контрола на исправноста на водата за пиење од страна на вработените во јавното претпријатие. За исправноста на водата ќе се врши секојдневна контрола за присуство на резидуален хлор во водата.

Јавното Претпријатие во 2012 година комплетно го превзеде управувањето и одржувањето на водоводниот систем во населеното место Требеништа.

Во почетокот на 2013 година планирано е да се заврши со комплетна реконструкција на водоводната мрежа во с.Велмеј од страна на Општина Дебарца и управувањето и одржувањето на овај ссистем ќе биде доверено на Јавното претпријатие.

Примарна цел во 2013 година во понатамошното работење и развој на претпријатието ке биде стопанисување со сите водоводни системи на ниво на цела Општина, тоа ке го оствариме заедно со месните заедници кои сега стопанисуваат со овие водоводни системи.

## 2. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Во услугите од секторот Комунална хигиена спаѓа : собирање и транспортирање на комунален и индустриски неопасен отпад од индивидуалните корисници и правните лица, негово депонирање , одржување на времените депонии согласно стандардите за зачувување на животната средина, чистење на јавно прометни површини (метење и миење). Составен дел на Програмата за работа за 2013 година на Јавното Претпријатие е Програмата за Јавна чистота за 2013 година, чиј предлагач е Општина Дебарца, а се усвојува од страна на Советот на Општина Дебарца.

Покрај тековното собирање на комуналниот отпад се планира :

- Преку плакати, соопштенија, медиуми, средби со граѓани да се врши едукација на граѓаните во поглед на почитување на Комуналниот ред.

- Поднесување на иницијативи до Комуналниот инспекторат при општина Дебарца заради нивно поголемо ангажирање и санкционирање на прекршителите на Комуналниот ред

(санкционирање на граѓаните и правните лица кои фрлаат растителен отпад, градежен шут и слично на недозволени места)

- Набавка на нови контејнери и нивно поставување на соодветни места со што би се создале можности за што поефикасно собирање на комуналниот отпад и негово селектирање.

- Поставување бекатон платоа каде се поставени контејнерите.

- Основен приоритет на раководството на Јавното Претпријатие и Општината во понатамошното работење ќе биде пронаоѓање на локација за депонија со која значително ке се намалат транспортните трошоци.

- Чистење и затворање на дивите депонии, чистење на локалните патишта од одрони и наноси како и нивно одржвање во зимскиот период, прочистување на речните корита од наноси и друг разновиден материјал.

- Чистење и одржување на јавни површини и одржување на паркови и зеленило по динамика утврдена во Програмата за одржување на јавна чистота донесена од страна на Совет на Општина Дебарца.

- Заедно со месните заедници ќе се отпочнат активности со цел собирање на комуналниот отпад од сите населени места во општина Дебарца.

**ДИНАМИКА НА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТОТ**
**подигање на сметот еднаш неделно**

| Ден | Рута на движење |
|---|---|
| Понеделник | -Лешани-Оровник-Горенци |
| Вторник | Белчишта-Ново село-Злести-Велмеј |
| Среда | Ботун-Требеништа-Волино |
| Четврток | - |
| Петок | - |

## 3. Административно Правен сектор

Во рамките *на* Административно Правен сектор во текот на 2013 година ќе се одвиваат поголем број на работи од областа на правните и административните работи во претпријатието.

Континуирано ќе се склучуваат разни видови на договори во врска со непреченото и нормално одвивање на работата на *ЈПКД Дебрца* во согласност со законските прописи кои важат за јавните комунални претпријатија и тоа :

- Договори за услуги со даватели на услуги и корисници на услуги, во зависност од тоа кој ќе ја врши услугата при што треба да се почитуваат принципите на транспарентност, а ќе се работи во согласност со Законот за облигациони односи и Законот за јавни набавки;

- Договори за исплата на заостанат долг на рати со сите правни и физички лица кои користат услуги од *ЈПКД Дебрца.*

- Тужби со предлог за издавање на платен налог врз основа на претходно доставени податоци за тужење од страна на Секторот за сметководство;

- Приговори;
- Раскинување на договори;
- Жалби;

Во овој Сектор ќе се вршат и следните работи:

- Водење евиденција за целокупната документација на претпријатието, раведување и архивирање на сите писмени акти, одговорност за чување на печатите и штембилите, водење на интерна доставна книга, примање и распоредување пошта и водење евиденција за истата во интерна книга, реализирање на сите телефонски контакти со директорот, примање странки и упатување на истите до службите во јавното претпријатие, примање и доставување пошта преку факс.

Во врска со правните и административните работи, овој Сектор ги врши и следните активности:

- Учество при изготвувањето на материјалите за УО, присуствување на седниците со свој претставник кој има својство на записничар, изготвување записници од седниците на УО, како и Одлуки и Заклучоци и нивна достава до надлежните органи и до Советот на општина Дебарца;

- Учество при изготвувањето на материјалите за НО за контрола на материјално-финансиското работење, присуство на седниците со свој претставник како записничар, изготвување на записниците од седниците на НО, како и Одлуки и Заклучоци и нивна достава до надлежните органи и до Советот на општина Дебарца;

Поради недоволната кадрова екипираност на Јавното Претпријатие, активностите и работите од овај сектор ги извршуваат вработените од другите сектори со посебно решение добиено од страна на Директорот за извршување на определената активност и работна задача.

## 4. Финансиско - Сметководствен сектор

Во Финансиско - Сметководствен сецтор во 2013 година се планира извршување на следните активности:

**Служба-Сметководство:**

- континуирано и тековно евидентирање на плаќањата и уплатите, односно тековно книжење на изводи и фактури во финансовата аналитика;
- исплата на фактури и други обврски по налог на директорот;
- изготвување на компензации, цесии и асигнации со наши доверители;
- усогласување на побарувања и обврски од доверители, како и изготвување на записници по истите;
- евидентирање на приемници и испратаници во материјалната аналитика со централна евиденција од другите работни единици;
- евиденција на основни средства и нивна амортизација;
- ажурирање на задршки и административни забрани;
- ажурирање на вработени по основ на боледување и достава на документи до ФЗО;
- приготвување на месечната плата и доставување на МПИН образец до Управата за јавни приходи;

Активностите од оваа служба со Договор за јавна набавка на услуги се доверени на надворешна фирма регистрирана за вршење на сметководствени и конслалтин услуги.

**Служба за наплата:**

Во делокругор на работењето службата за наплата ги врши следните работи:

**1. Читање на водомерното броило**

-читачот или инкасаторот на образецот од КЦ (компјутерски центар) викан читачки лист на кое е именуван корисникот и претходната состојба на лице место внесува нова состојба секој месец најкасно до 27 во месецот.

-читачката листа се доставува до КЦ преку одговорниот на наплата за сочинување на сметки.

**2.Фактурирање**

-добиените сметки од КЦ задолжениот инкасатор ги проверува и доколку има неправилности се интервенита до секторот за КЦ за корекција

-пред да се испратат фактурите се потпошуваат од Директор.

**3. Наплата на сметки и фактури**

Наплатата е организирана на два начини:

-дирекна наплата

-наплата преку пошти, банки наплатни пунктови

-ненаплатените сметки за последните шест месеци инкасаторот со соодветен документ ги раздолжува и се задолжува правниот сектор за натамошна пстапка согласно законот за облигациони односи

-наплатата на побарувањата од правни лица се врши преку банки.

**4. Евиденција на промена на водомери нововградени водомери новоприклучени водомери како и пријава и одјава на потрошувачи.**

**5. Контрола на правилно или неправилно приклучени објекти на водоводната и канализационата мрежа.**

**План за 2013**

Планот за 2013 година има за цел преземање на редовни и дополнителни активности како би се подобрил:

-опфатот на потрошувачи

- износот на фактуриран приход

-и наплатениот износ со остварување на процент од 90% како однос вкупно наплатени пари во месецот / месечно фактурирано.

Во овај сектор ангажирани се двајца работници.

## 4. Сектор за Јавни Набавки

Во Секторот за Јавни Набавки, за 2013 година, се планирнани следните активности:

- Реализација на Планот за Јавни набавки за 2013 година, според потребите на ЈП и со примена на одредбите од Законот за Јавни набавки
- Учество и припрема на спецификациите за потребни материјали доставени од секторите, како и отпочнување на постапка за јавна набавка, според Планот за јавни набавки за 2013 год. и согласно Законот за јавни набавки.
- Координирање со активностите на Комисијата за јавни набавки и припрема на целокупната документација за постапките и процедурите на отворените повици според одредбите од Законот за јавни набавки
- Редовно следење и контрола на извршените нарачки кај добавувачите, дали истите се во согласност со рокот на испорака, цени и квалитет одредени со тендерската документација и договорот.

Поради недоволната кадрова екипираност на Јавното Претпријатие, активностите и работите од овај сектор ги извршуваат вработените од другите сектори со посебно решение добиено од страна на Директорот за извршување на определената активност и работна задача.

## 5. Сектор за Информатичка подршка

Во секторот Информатичка подршка се извршуваат следните активности:

- целосно опфаќање на потрошувачите (усогласување на состојбата од терен со податоците во програмот за наплата);
- Фактурирање вода по доставените читачки листи од страна на читачите и инкасаторите за правни и физички лица, ги внесува истите води сметка и одговара за нивната точност и ажурност на податоците
- врши навремено книжење т.е евиденција на дневни уплати преку банка, пошта и благајните и истите ги проследува понатака во сметководство за натамошна евиденција.
- врши ажурирање, евиденција и промена на податоците за корисниците
- врши изготвување на извештаи: месечни , квартални и годишни за физички обем, финасиско задолжение, состојба на потрошувачи по реони, распоред на реоните, број на доставени сметки, процент на наплата и други извештаи кои можат да се изготват од програмот како и:
  - усогласување на податоците со сметководство

- аналитичка евиденција по потрошувач за фактурирано и наплатено ,

Поради недоволната кадрова екипираност на Јавното Претпријатие, активностите и работите од овај сектор ги извршуваат вработените од другите сектори со посебно решение добиено од страна на Директорот за извршување на определената активност и работна задача.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2013 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Планирани приходи** | |
| | |
| Приходи од собирање комунален отпад | 2.190.000,00 |
| Планирани приходи од вода | 3.550.000,00 |
| Планирани приходи од канализација | 85.000,00 |
| Приходи од Приклучоци на вода и канализација | 150.000,00 |
| Приходи од реализација на Инвестициона Програма | 755.000,00 |
| | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **6.730.000,00** |
| | |
| | |
| **Планирани Расходи** | |
| | |
| **Матријални трошоци** | |
| Потрошен канцалариски матријал | 35.000,00 |
| Потрошен матрија за чистење и одржавање | 15.000,00 |
| Потрошена електрична енергија | 900.000,00 |
| Потрошено гориво и масла | 695.000,00 |
| Потрошени резервни делови и матријали | 350.000,00 |
| ХТЗ Опрема | 70.000,00 |
| Отпис на ситен инвентар | 20.000,00 |
| Трошоци за поштенски услуги | 80.000,00 |
| Услуги за одржување на основни средства(возила, | 300.000,00 |
| пумпи,компјутери) | |
| Печатење сметки и други графички услуги | 80.000,00 |
| Трошоци за бактериолошки испитувања на водата | 40.000,00 |
| Регистрација и технички преглед на возлилата | 40.000,00 |
| Трошоци за Хлор | 45.000,00 |
| Трошоци за користење услуги од градежна механизација | 290.000,00 |
| **ВКУПНО Матријални трошоци** | **2.960.000,00** |

| | |
|---|---|
| **Нематријални трошоци** | |
| Амортизација | 180.000,00 |
| Вредносно услогласување на краткорочни побарувања | 90.000,00 |
| Трошоци за превоз во земјата | 55.000,00 |
| Дневници за службено патување | 10.800,00 |
| Трошоци за репрезентација, спонзорства и реклама | 85.000,00 |
| Банкарски услуги | 35.000,00 |
| Здравствен преглед на вработени | 6.000,00 |
| Сметководствени услуги | 48.000,00 |
| Премии за осигурување | 12.000,00 |
| Даноци кои не зависат од финансискиот резултат | 25.000,00 |
| Надомест на членови на УО и НО | 90.000,00 |
| Правни, адвокатски, нотарски и судски трошоци | 50.000,00 |
| | |
| Услуги по договор на дело | 134.400,00 |
| **ВКУПНО Нематријални трошоци** | **821.200,00** |
| | |
| **Бруто Плати** | 2.220.000,00 |
| | |
| **Набавна вредност на продадени резервни делови** | 260.000,00 |
| | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **6.261.200,00** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **6.730.000,00** |
| **РАЗЛИКА** | 468.800,00 |

Програмата на ЈПКД Дебрца за 2013 година е обемна и нејзиното реализирање ќе зависи од динамиката на обезбедување на финансиски средства.

Програмата за работа за 2013 година е отворена и може да се надоградува со работи и активности кои не се планирале а постои нужност за нивно реализирање во 2013 година.

**ЈП за комунална дејност**
**"ДЕБРЦА"**
**Директор**

---------------------------------

**дипл.екон. Благојче Стојчески**